РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

НАЦИОНАЛЕН ОДБОР ЗА
МАКЕДОНСКА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

МАКЕДОНСКА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

Бр. 2609-13/4
18.01.2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 16 став 9 алинеја 8, а во врска со член 18 став 1 од Законот за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија" бр. 137/13 и 30/16), Националниот одбор за Македонска рамка на квалификации, на седницата одржана на 18.01.2018 година ја донесе следната

## ОДЛУКА
## за формирање на Секторска комисија за лични услуги

1. Со оваа одлука се формира Секторска комисија за лични услуги.

2. За членови на Секторската комисија за лични услуги се назначуваат:

   - Мирјана Јордановска од Министерство за образование и наука;
   - Сание Исмаили од Министерство за економија;
   - Марија Настовска од Центарот за стручно образование и обука;
   - Сабахудин Имери од Биро за развој на образованието;
   - Мевљане Зулфиќари од Центар за образование на возрасни;
   - Проф. Д-р Фадби Османи од Интеруниверзитетска конференција;
   - Дејан Ѓорѓиевски од Организацијата на работодавачи на Република Македонија;
   - Гоце Патровски од Занаетчиска комора на Град Скопје и
   - Жарко Кузманоски од Занаетчиска комора на Република Македонија.

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Националниот одбор за Македонска рамка на квалификации упати барање бр. 2609-13/1 од 01/09/2017 година со критериуми за назначување на членови за формирање на Секторска комисија за лични услуги.

На седницата одржана на 18.01.2018 година, Националниот одбор за Македонска рамка на квалификации, утврди дека врз основа на барањето се доставени номинаци: бр. 12-11635/2 од 20/12/2017 од Министерство за образование и наука, бр. 04-4442/2 од 04/10/2017 од Министерство за економија, бр. 03-1164/2 од 26/092017 од Центарот за стручно образование и обука, бр. 03-1610/2 од 25/9/2018 од Биро за развој на образованието, бр. 03-654/2 од 06/10/2017 од Центарот за образование на возрасните, бр. 19-909/3 од 27/11/2017 од Интеруниверзитетска конференција на Република Македонија, бр. 0302-65 од 21/12/2017 од Организацијата на работодавачи на Република Македонија, бр. 0302-256/2 од 04/10/2017 од Занаетчиска комора на Град Скопје и бр. 0302-4 од 02/03/2018 од Занаетчиска комора на Република Македонија.

Имајќи го предвид горенаведеното Националниот одбор на Македонска рамка на квалификации одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**НАЦИОНАЛНИОТ ОДБОР ЗА**
**МАКЕДОНСКА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ**

**Борчо Алексов**

**Доставено до:**
- **Одделение за Национална рамка на квалификации**
- **именуваните**

изготвил: Екрем Иљаз
одобрил: Наташа Јаневска